**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 08-1443/14
Датум: 3.10.2022 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 163 Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), Одлуката бр. 02-1403/28 од 24.8.2022 година и член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), деканот на Факултетот распишува

# ОГЛАС

за избор на демонстратор

За учебната 2022/2023 година се распишува оглас за избор на:

I. еден (1) демонстратор за ***аудиторски и лабораториски вежби*** по предметите од студиските програми што ги сервисира Институт за КТИ.

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови утврдени со Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) и посебните услови утврдени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018).

Кон пријавата кандидатот треба да достави:

- куса биографија,
- уверение за завршен прв циклус студии со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум),
- доказ дека е студент на втор или трет циклус студии.

Кандидатите пријавата и прилозите за исполнетоста на условите утврдени со огласот ги поднесуваат во архивата на ФЕИТ најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Факултет за електротехника и информациски технологии Република Северна Македонија СКОПЈЕ

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски